Виктор ЛИЛЧИЌ

# ГРОБНИ ЕДИКУЛИ И МАВЗОЛЕИ ОД АНТИЧКО ВРЕМЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Во текот на теренските истражувања во рамките на научно-истражувачкиот проект „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие", меѓу 1985—1988 година, на дваесетина локалитети документирав камени остатоци од помали (едикули) и поголеми (мавзолеи) гробни споменици. Во скоро сите случаи се работи за формата и обликот на храм од првите векови на нашата ера.

## Едикули

На јужната периферија на селото Тремник, локалитет „Црквиште", забележавме остатоци на голема раноримска некропола со урнатини на еден мавзолеј.[1] Меѓу останатото тука се наоѓа и еден покривен елемент на гробна едикула. Тој е вкрстен, четирисливен. Бил поставен врз четири столбци. Одоздола оформен во вид на два вкрстени свода во чиј пресек гледаме стилизирана розета (сл. 3).[2] Од локалитетот „Танко патче" близу кавадаречкото село Глишиќ потекнува уште еден каменен покрив од мала гробна едикула, одоздола издлабен сводесто (сл. 1). Во непосредна близина на античкиот град Еударист, кај селото Дреново, Кавадарци, во рамките на Југозападната некропола, на локалитетот „Валевица", се наоѓаат остатоци на нешто поголема едикула. Издигната на доминантна позиција со широка панорама кон Тиквешкото поле на исток и патот по долината на Раечка река на запад (сл. 7 и 8).

Вообичаениот начин за решавање на плафонот кај едикулите е рамен, односно касетиран, исто како кај големите римски храмови. Во покривните елементи на едикулите гледаме врежани плафонски касети со различни украсни мотиви. Така касетите на едикулите од Кавадарци и околината, од селото Бо-

---

[1] В. Лилчиќ, Антички храм кај Тремник, Годишен зборник на Филозофскиот факултет (ГЗФФ), кн. 12 (38), Скопје 1985, 73—82.

[2] Исто, 77.




Слика 1: 1 — Глишиќ, 2 — Валандово, 3 — Тремник, 4 — Д. Дисан, 5 — Непознат локалитет, 6 — Тремник

јанчиште, или Тремник, содржат портрети на покојниците во плиток релјеф, поставени помеѓу цветови — розети, орли, змии.

Освен покривите од едикулите, документиравме и карактеристични елементи од долните партии на овие градби. Тоа се делови на подиумот, или крилни плочи кои го носеле покривниот елемент. Овие плочи имаат на својата челна, тесна страна по вертикала пластично претставен јонски или коринтски полустолб со база. Долниот дел од овие плочи пак обично бил класен во облик и со профилација на минијатурен римски стилобат. Вакви плочи од едикули потекнуваат од селата Тремник (сл. 6), Тимјаник, Долни Дисан (сл. 4), долни дел на плоча од непознат локалитет (сл. 5), Дреново (сл. 7). Поранешните истражувања забележале и еден покривен елемент во вид на пирамида.[3] Постаментот на едикулите бил оформен од неколку правоаголни плочи. Во челната, обично во посебно врамено поле, бил



7

Слика 2: 7 — Дреново

[3] Dr. Hald, Auf Trümmern Stobis, Stuttgart 1917, 57—58, Abb. 47.

врежуван епитафот. Вакви карактеристични челни плочи од постаментите на едикулите потекнуваат од неколку ранoримски некрополи кај селата: Глишиќ, Чашка, Барово, Д. Дисан.[4]



Слика 3: 8 — Дреново

## Мавзолеи

Остатоци од храмови-мавзолеи забележани се кај селата Голозинци и Чашка, општина Т. Велес. Во нашите истражувања особено внимание посветивме на примерите со карактеристична камена, архитектонска пластика. Покривните елементи на помали мавзолеи кај селата: Пирава и Вешје, потоа Валандово, имаат како и едикулите, касетирани плафони, декорирани најчесто со цветови. Покривот на овие споменици обично бил изработен

[4] Н. Вулиħ, Споменик СКА, LXX, бр. 142; Б Јосифовска, Неколку неиздадени грчки и латински натписи од Македонија, Жива Антика (ЖА), III/-2, Скопје 1953, 229-231, сл. 4, 239-241, сл. 8; Н Вулиħ, Спом XCVIII, бр. 107.

од два монолитни фронтони, или помеѓу овие бил монтиран преоден сегмент (пример Валандово). Кај селото Тремник[5] и Барово[6] забележавме урнатини на два поголеми мавзолеи. Внимание привлекуваат камените елементи од Барово. Идентификувавме делови од челните фасади, забати, архитрав, венец, стилобат, како и плафонски плочи со касети во кои гледаме врежани портрети на машка и женска индивидуа, можеби сопружници.

**Иконографско-симболички аспект на градбите**

Разгледувано иконографски, односно типолошки, едикулите во основа претставуваат мали правоаголни градби во облик на храмови. Подигнати врз постамент — депо (идеја на хипогеумот кај големите храмови)[7] во кое била полагана урната со пепелот на покојникот. Идејата на еден ваков споменик била да издвои и го формира светиот простор, кој според вертикалниот поредок на елементите треба симболички да го претстави успонот на душата кон небесниот свод (идеализација, според Сенека мртвите одат кон ѕвездите, т.е. вршење врлини — виртус го отвора патот кон ѕвездите, седењето со боговите донесува вечност; а според Вергилие и Хорацие: да се постигне слава значи издигнување на небото),[8] односно тоа е патот кон Елисејските цветни полиња, каде престојуваат душите на праведните.[9] Во смисла на ваквите толкувања, постаментот го симболизира подземниот дел (симболичко собиралиште на животните сили и нивна метаморфоза), а самиот храм е надземен дел, симболички „отвор кон горе", за комуникација со боговите,[10] посветен простор во кој се врши апотеоза, хероизирање на душата, тоа е точка во која се спојуваат овоземното и небесното. Оттука за овие градби, доаѓа и називот хероон веројатно широко употребуван и кај нас. Пример: во епитафот од една едикула кај Д. Дисан, лок. „Кофкарец", се вели дека хероонот за родителите и братот го подигнале лицата Диоскурид, Александар и Ѕоил.[11]

Кај гробните едикули во Шемпетер, СР Словенија, долниот дел, постаментот на градбите е обликуван како висок римски стилобат.[12] Римскиот стилобат е присутен и кај нашите примери, меѓутоа димензионо намален, упростен и пренесен како

---

[5] В. Лилчиќ, н. д.

[6] Исти, Антички храм кај Барово, ГЗФФ, кн. 14(40), Скопје 1987, 135—148.

[7] Enciklopedija likovnih umjetnosti 2 (D—ini), Zagreb 1962,538.

[8] Мирковиħ, Иконографске студије, Нови Сад 1974, 64.

[9] H. Hunger, Lexikon der griechischen und römischen Mythologie, Wien 1953, 103 — Elysium, 367 — unterwelt.

[10] М. Елијаде, Свето и профано, Нови Сад 1986, 64.

[11] Б. Јосифовска, н. д, 239-241, сл. 8.

[12] J. Магловски, Гробница Енијеваца, Св. 11-12, Друштво историчара уметности СР Србије, Београд 1981, 21, 24.

релјефна декорација на долните површини на крилните плочи-анти.

Општо земено, во конструкцијата на нашите едикули забележуваме интенција кон упростување на украсните архитектонски делови преземени од големите храмови.

Иконографијата на раноримските надгробни стели од СР Македонија, всушност, не е ништо друго освен повторување на идејата на херонот, пренесена на рамната површина од камените плочи. И тука постои подземен дел (натписното поле), надземен дел — храм (релјефно поле), покрив на храмот (фронтонот на стелата со акротерии). Честопати во фронтоните на стелите гледаме претставен или рамен плафон или свод на плиток релјеф и разни симболични мотиви (цветови, шишарки и сл.).

Сеуште не се археолошки ископувани големите храмови — мавзолеи кај нас, за да го знаеме нивниот план и другите детали. Единствен подобро познат храм е оној од Марцинци, посветен по сè изгледа на императорот Комод.[13] Анализата на покривно-таванската конструкција од нашите примери, особено мавзолејот од Барово,[14] зборува дека имале сличен план. Се работи за типовите простил или ин антис, со правоаголен наос и пронаос. Ваквата просторна елевација во основа необично потсетува на постарите хеленистичко македонски гробници, кои редовно имаат челна фасада, исто така во облик на храм.[15] Градежно-архитектонските карактеристики на нашите примери, како и очигледната идеја на реинкарнација, укажуваат во однос на италските гробни споменици, на многу постара и независна традиција со потекло од Исток. Тоа се таканаречените малоазиско-грчки типови, како ги декларира проучувачот Х. Г. Френц во својата студија за споменикот на Нереидите на Ксантос, на Перикле во Лимира, Маузол во Халикарнас (сите во Мала Азија), кон тоа треба да се вброи споменикот на Захарие во долината Кедрон (Палестина)[17] и други.

За нас се особено интересни и блиски на нашите примери, аналогиите од Мала Азија. Култот на мртвите во овој простор бил необично силно застапен. Секој град во првите векокови на новата ера имал по неколку некрополи со бројни надгробни споменици долж пристапните патишта. Во Киликија на

---

[13] В. Соколовска, Исар—Марвинци и долината на Вардар во античко време, Скопје 1986, 164.

[14] В. Лилчиќ, н. д., 144, т. 6.

[15] M. Andronikos, The Royal Tombs at Aigai (Vergina) in Philip of Macedon, Athens 1980, 188—231, fig. 102.

[16] H. G Frenz, Drusus Maior und sein monument zu Mainz, Jahrbuch des Römisch — Germanischen Zentralmuseums Mainz, 32, Mainz 1985, 411—412.

[17] M. Avi—Yonah, Jérusalem, Dictionnaire archéologique de la Bible, Paris 1970, 164, ill. 37.

пример, постоеле два типа хероини. Тип кула во својата тенденција на возвишување по вертикала има слична идеја како нашите гробни едикули. Имено, традицијата на градбите издигнати кон небото, потекнува од желбата за приближување кон божествената моќ, обид за поврзување на три света: подземен, земјата и небото.[18] Вториот, повеќе применуван тип бил обичен храм, ин антис или простил. Повеќе примери на двата типа се наоѓаат кај: Десене, Ѓамбазли, Топиларин, Оваѓик, Елеуса, Шохут, Касаба и други. Импресионира извонредно добрата сочуваност на овие градби[19]

Една од карактеристичните појави во оваа проблематика, претставува поставувањето на покојниковиот лик (релјефно попрсје, фигура, цела статуа или портрет во плиток релјеф) во неговиот гробен споменик, слично како поставувањето на статуите на боговите во храмовите. За широките размери на оваа појава на преодот од 2. во 3. век зборувал христијанскиот теоретичар Тертулијан („им подигате на боговите храмови, на ист начин на мртвите ... и на статуите им наведувате исти облици").[20] За што се работи? Идентификацијата со божествата (деификација) на култот на мртвите во римско доба била особено присутна. Според Енеј, називот на мртвиот татко е свет татко, божествен татко; кај Корнелиј Непот слично. Слични претстави наоѓаме и кај Грците. Според Есхил и Еврипид покојникот бил почитуван како подземен бог и нарекуван „блажен бог".[21] Лингвистичката анализа на О. Фрајденберг, на повеќе термини со сличен корен во латинскиот, нè води до единствена конструкција: ден — бог — небо, односно бог е смртта која станала живот, пекол во значењето на небото, ноќен мрак преобразен во ден.[22]

Примери кај нас. Дел на стела од Битола: долу натписно поле (одкршено) во релјефното поле млад Дионис, тимпанонот горе две змии, урна и полумесец — чун[23] Дионис—Бах, божествено дете два пати родено, меѓу останатото и хтонски бог, ослободител од подземјето, оној кој ги упатува и води душите, управува со игрите на мрвите во подземните ливади на Хад. Поради тоа што својата мајка ја извел од подземниот свет и ја вовел на Олимп меѓу боговите се претпоставувале дека и на луѓето им го отвора патот кон бесмртноста.[24] Еден од Дионисовите атрибути е исто така бршленова, односно винова лоза, што ги

---

[18] J. Chevalier — A. Gheerbrant, Rječnik simbola, Zagreb 1983, 331-332.
[19] J. Keil — A. Wilhelm, Denkmäler aus dem Rauhen Kilikien, Monumenta Asiae Minoris antiqua, vol. III, Manchester 1931.
[20] Dr. K. Baus, Der Kranz in Antike und Christentum, Bonn 1940, 126.
[21] O. Freidenberg. Mit i antička književnost, Beograd 1987, 44.
[22] Ibid. o.c.
[23] Н. Вулиќ, Спом. LXXI, бр. 32
[24] J. Chevalier — A. Gheerbrant, o c., 121—122.

гледаме како израснуваат од урните, не случајно поставени на надгробните стели од Пеќ (Косово).[25] Очигледно урната со земните остатоци на покојникот го симболизира подземниот свет, односно лозата е симболично претставена иницијација.

Уште еден сличен пример имаме во Стибера, во храмот на Тихе.[26] Под северната ниша, во подот бил формиран ботрос. Општо гледано бунарот симболички претставува една комуникација, синтеза на небото, земјата и подземјето, врска со престојувалиштето на мртвите.[27] Во нишата бил постамент со испишано име на покојната, главна донаторка на храмот — Антестија Фуска. На постаментот стоела статуа на мало, голо дете — Ерос.[28] Во основата на оваа ситуација, преку подземниот свет (ботрос), покојниковата душа (А. Фуска) и бесмртниот Ерос кој го симболизира соединувањето, поврзувањето, прегратката меѓу земјата и небото, јасно гледаме пример на верување во иницијацијата.[29]

Слично како на стелата од Битола, две змии гледаме и во тимпанонот на едикулата од Тремник. Змијата е архетип на човечката душа, живот во длабините кој исчезнува и повторно се раѓа. Кај Грците претставува наличје на духот, ги помирува душата, доброто и злото. Во егејскиот свет владеел народен обичај да се излие млеко на гробот, за душата на покојникот која се реинкарнира во змија.[30]

Цветови — розети редовно се појавуваат во скоро сите плафонски касети. Ги има на скоро сите надгробни стели од римско доба на подрачјето на СР Македонија. Симболички ги претставуваат душите, духовните средишта, Елисиум. Според некои автори тоа се ѕвезди. Во таа смисла тие се извор на светлост во храмот со небеско значење.[31] Орелот го симболизира духовното обновување, успонот на душата и врска со небото.[32] Делфините (на плафонската касета од Барово) од Дионисовиот култ се гусари покајници, кои го заробиле Дионис. Заради откупување на гревовите тие ги носат душите на мртвите.[33]

---

25 Н. Вулић, н. д., бр. 275-278, бр. 280.

26 D. Vučković — Todorović, Styberra, Archeologia Jugoslavica IV, Beograd 1963, 70—71.

27 J. Chevalier — A. Gheerbrant, o.c. 68.

28 Идентификацијата на Д. В. Тодоровиќ, во н. д., 83-84, со Дионис не е точна затоа што нема траги од кантарос. Идентификацијата со Херакле според Б. Јосифовска, Водич низ лапидариумот, Скопје 1953, 61,76, сл. 29, исто така не е точна поради тоа што споменатата змија всушност претставува ремен од футрола за стрели врз кои детето се потпира. Најверојатно се работи за Ерос.

29 М. Елиаде, н. д., 159—163.

30 J. Chevalier — A. Gheerbrant, o.c., 796—804.

31 Ibid, o.c., 83, 813.

32 S. Perowne, Rimska mitologija, Opatija 1986, 76—77.

33 Д. Срејовић — А. Цермановић, Речник грчке и римске митологије, Београд 1979.

Очигледно во подрачјето на СР Македонија, односно засега најмногу во Повардариeто, во првите три векови на новата ера бил застапен и овој, досега во нашата наука непознат начин на одбележување на гробовите. Значи, наспроти поскромните гробни плочи — стели, некои жители си подигаат споменици — хероони (или според латинскиот: помали градби — едикули, и според гробниот споменик на Маузол во М. Азија поголемите градби — маузолеи) .

Оваа карактеристична, досега непозната надгробна архитектура сепак сведочи за големото внимание посветувано на култот на мртвите во тие времиња, потоа ги илустрира општествено-социјалните разлики меѓу населението.

Viktor LILČIĆ

## AN UNKNOWN TYPE OF TOMBSTONES IN SR MACEDONIA FROM THE FIRST CENTURIES OF THE NEW ERA

S u m m a r y

In the text is given one up to now unknown way in the scientific literature for marking the graves above the earth in the aerly Christian period in SR Macedonia. It refers to architectionic constructions — heroons as they were called by the local population. There are building with smaller dimensions — edukuli, (small buildings) and big buildings — mausoleums. From a tipological point of view they follow the form of the Roman church with smaller dimensions depending on the financial possibilities of the persons who ordered the building. The objects have been constructed almost totally with stone elements among which mostly the marble as used: white and rose, then in a great measure the gray volcano andesite. What refers to the tipiology of the stone architection elements we differ: with the big mausoleums there are same parts as in the big churches (from the front and back bronts, architrav, fridges, and the like); with the small edikuli (buildings) the same elements from the bigger churches, but dimensionally reduced and usually more decorative units put on a stone element (rooves with four angles or more often with two with architrav, fridge, dentikula, gejson, timpanon etc; wing plates — anti with some decoration, on the front side ingraved halfcolomns with bases and ion or korint's semichapels). On the ceiling is noticed more relief presentations, besides the portraits of the dead, snakes, eagles, rose flowers. All together they represent usual symbols in the cult of dead, connected with the belief in life after death.

[34] Ј. Магловски, н. д., 31.